УДК: 911.372.7 (497.741)

# ИНФРАСТРУКТУРНИ ОДЛИКИ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНИТЕ РАДОВИШ И КОНЧЕ

**Зоранчо АТАНАСОВ**
Министерство за одбрана на РМ
Ул. „Орце Николов“ б.б. Скопје, Македонија
e-mail: zoranco_a@yahoo.com

## ИЗВОД

Инфраструктурните одлики на населените места на одредено подрачје ги отсликуваат условите за живот на населението и развиеноста на тоа подрачје. Институционалната и линиската инфраструктура на населените места се во директна корелација со социоекономските услови. Преку проучување и анализа на инфраструктурните одлики на населените места во општините Радовиш и Конче треба да се обезбеди јасна претстава за социоекономските карактеристики на ова подрачје како целина.

**Клучни зборови:** населено место, општина, инфраструктура.

## ABSTRACT

Infrastructural characteristics of settlements in certain area represent the people's life conditions and the achieved development of that area. Institutional and linear infrastructure of one settlement is in direct correlation with its social-economic conditions. Studying and analyzing the infrastructural features of settlements in municipalities of Radovish and Konche should give a clear picture for the social-economic characteristics of entire area.

**Key words:** settlement, municipality, infrastructure.

## ВОВЕД

Населените места се од клучно значење при разни истражувања на одреден регион, асминистративно-територијална единица и слично, пред се при истражувања од социоекономски карактер. Во зависност

од целта на истражувањето и резултатите кои треба да се постигнат, населените места се проучуваат од повеќе аспекти, како на пример: големина, разместеност, инфраструктурни одлики и друго.

Територијата на општините Радовиш и Конче се проучува најчесто како целина, од една страна поради конфигурацијата на теренот и географската поврзаност, а од друга страна, поради изразената социоекономската поврзаност. Територијата, која е опфатена со овие две општини, долго време опстојуваше како една општина, но во 1996 година територијата на дотогашната општина Радовиш беше поделена на три општини – Радовиш, Подареш и Конче. Осум години подоцна, општина Подареш повторно влезе во составот на општина Радовиш, а Конче продолжи да егзистира како самостојна општина. На територијата на овие две општини, се регистрирани поголем број населените места, меѓутоа дел од нив се целосно раселени и реално не постојат повеќе. Преостанатите населени места, во кои постојано живее население се карактеризираат со изразени разлики во големината, етничкиот состав на населението и инфраструктурата.

## НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНИТЕ РАДОВИШ И КОНЧЕ

На територијата на општините Радовиш и Конче, официјално се регистрирани 50 населени места, од кои 36 припаѓаат на општина Радовиш, а останатите 14 населени места на општина Конче. Од нив едно населено место е градска населба, а останатите 49 населени места се селски населби. Меѓутоа, и покрај официјалните податоци, реално, на територијата на овие две општини постојат 33 населени места. Останатите 17 селски населби се целосно раселени, а поголемиот дел од нив веќе се разурнати и постои само трага од некогашните населени места. Во категоријата на раселени населби влегуваат селата: Али Лобаси, Држанци, Дурутлија, Каралобаси, Карацалар, Коселија, Ново Село, Папавница, Сариѓол, Худаверлија, Чешме Маале, Шаинташ и Шипковица, во општина Радовиш и Горна Враштица, Долна Враштица, Долни Радеш и Негреновци во општина Конче.

Единствената градска населба на територијата на двете општини е градот Радовиш, кој припаѓа во категоријата на средни градови во Република Македонија и според пописот на населението во 2002 година, во него живеат 16 223 жители.

Сите села на територијата на општините Радовиш и Конче се села од збиен тип. Според големината и функциите, односно според бројот на жители, 12 селски населби припаѓаат во групата на мали села, до 300 жители, 13 во групата на средни села со број на жители од 301 до

800, а останатите 7 селски населби припаѓаат во групата на големи села со над 800 жители.

Во групата на мали села припаѓаат: Калаузлија, Козбунар, Погулево, Прналија, Смиланци, Супурге, Сулдурци и Штурово, во општина Радовиш и Гарван, Горни Липовиќ, Загорци и Скоруша, во општина Конче.

Во групата на средни села припаѓаат: Али Коч, Бучим, Воиславци, Дамјан, Коџалија, Покрајчево, Раклиш и Тополница, во општина Радовиш и Габревци, Дедино, Долни Липовиќ, Лубница и Ракитец, во општина Конче. Од седумте големи села, само едно припаѓа на општина Конче, а тоа е центарот на општината, односно селото Конче. Останатите 6 големи селски населби припаѓаат на општина Радовиш, а тоа се селата: Злеово, Ињево, Јаргулица, Калуѓерица, Ораовица и Подареш.

## ИНФРАСТРУКТУРНИ ОДЛИКИ НА НАСЕЛБИТЕ

Проучувајќи ги инфраструктурните одлики на населените места на територијата на општините Радовиш и Конче, може да се констатира дека тие се карактеризираат со средно или слабо развиена инфраструктура. Наведеното се однесува и на институционалната и на линиската инфраструктура.

Ако се анализира институционалната инфраструктура на населените места на ова подрачје, веднаш се доаѓа до заклучок дека најразвиено населено место е градот Радовиш, кој се издвојува како административен, стопански, културен, здравствен и образовен центар, не само за општина Радовиш, туку и за општина Конче. Единствено во градот постојат подрачни единици на министерствата на Владата на Република Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности, Центарот за управување со кризи, Агенцијата за вработување, Центарот за социјални работи, Фондот за здравствено осигурување и другите органи на државната управа. Овие подрачни единици се надлежни и за двете општини. Исто така, само во Радовиш има Основен суд, полициска станица и противпожарна единица, кои работат за потребите и на двете општини.

Градот се појавува како центар и во областа на банкарството. За потребите на овие општини, единствено во Радовиш работат филијали на 5 банки, и тоа: Комерцијална, Стопанска, НЛБ Тутунска, ТТК и УНИ-банка.

Исто така, и најголемиот дел од спортските капацитети, повторно се сконцентрирани во градот, а во другите населени места постојат само отворени спортски игралишта, најчесто во состав на училиштата за основно образование или селски фудбалски игралишта, додека пак затворени спортски објекти воопшто нема. Во Радовиш постојат два

спортско-рекреативни центри, од кои едниот е од затворен (*СРЦ 25-ти Мај)* а другиот е од отворен тип (*СРЦ Шампион)*. Првиот располага со мала и со голема спортска сала и со помошни простории, кои овозможуваат организација на разни видови спортски натпревари, а вториот со ракометно, со кошаркарско и со тениско игралиште, мал детски базен и со голем базен со димензии според олимписките стандарди. Други спортски капацитети во градот се училишните спортските сали на ОУ „Никола Карев“ и СОУ „Коста Сусинов“, градскиот стадион и уште неколку отворени спортски игралишта. Меѓутоа, состојбата со спортските капацитети во градот, на прв поглед иако изгледа задоволителна, анализата на квалитетот и на реалната состојба на нив, укажува дека постојат голем број недостатоци и тие не ги задоволуваат потребите. Овде пред се може да се истакне одржувањето на спортско-рекреативните центри, кое не е на потребното ниво или воопшто не постои, поради што тие постепено го губат своето значење и непостоењето на уредени трибини на градскиот статион.

Состојбата со верските објекти е задоволителна, што може да се заклучи и од табеларниот преглед на Институционална инфраструктура на населените места во општините *Радовиш и Конче.* Верски објекти постојат во најголем дел од населените места. Во зависност од верската определба на населението, кое живее во овие населени места, во некои населени места се изградени цркви, во некои џамии, а има и населени места во кои постојат и црква и џамија. Во Радовиш има две православни цркви и три џамии, од кои едната не се користи, туку е прогласена за културно-историски споменик. Католичка црква на територијата на двете општини е само црквата во населбата Раклиш, а сите останати цркви се православни. На територијата на општините Радовиш и Конче постојат и голем број манастири, кои ја изразуваат духовната традиција на населението на овие простори.

Табела 1: Институционална инфраструктура на населените места во општините Радовиш и Конче*.

| населено место | предучилишна установа | основно училиште (до 5-то одделение) | основно училиште (до 9-то одделение) | училиште за средно образование | факултет | здравствен дом | амбуланта | аптека | полициска станица | ПП единица | банка | црква | џамија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Али Коч | - | - | - | - | - | - | + | - | - | - | - | - | + |
| Бучим | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + |
| Воиславци | + | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Дамјан | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Злеово | - | + | + | - | - | - | + | - | - | - | - | + | - |
| Ињево | + | + | + | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Јаргулица | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Калаузлија | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + |
| Калуѓерица | - | + | + | - | - | - | - | - | - | - | - | + | + |
| Козбунар | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Коџалија | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + |
| Ораовица | - | + | + | - | - | - | + | - | - | - | - | + | - |
| Погулево | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Подареш | - | + | + | - | - | - | + | - | - | - | - | + | - |
| Покрајчево | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Прналија | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + |
| Радовиш | + | + | + | + | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| Раклиш | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Смиланци | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Сулдурци | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Супурге | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + |
| Тополница | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + |
| Штурово | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Габревци | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Гарван | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Г. Липовиќ | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Дедино | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Д. Липовиќ | - | + | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Загорци | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Конче | - | + | + | - | - | - | + | - | - | - | - | + | + |
| Лубница | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |
| Ракитец | - | + | - | - | - | - | + | - | - | - | - | + | - |
| Скоруша | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | + | - |

* Раселените населби не се опфатени во овој преглед

## ОБРАЗОВНИ КАПАЦИТЕТИ

Ако се земат предвид сите постоечки образовни капацитети на територијата на општините Радовиш и Конче, може да се заклучи дека тие делумно ги задоволуваат моменталните потреби. Од самиот табеларен преглед на институционалната инфраструктура на населените места во овие општини, се забележува дека состојбата е најдобра во областа на основното образование, бидејќи најголемиот дел од населените места, со исклучок на оние во кои живее само постаро население, имаат училиште за основно образование, но како проблем се јавува тоа што училиштата во дел од овие населени места се само до IV-то, односно V-то одделение. Поради тоа, учениците од овие населени места ги завршуваат останатите 4 години од основното образование во некое од соседните населени места, во кои има училиште за основно образование до VIII-мо, односно IX-то одделение.

На територијата на двете општини работат вкупно шест училишта за основно образование, кои имаат подрачни училишта во повеќе населени места. Од овие училишта, пет се во општина Радовиш, а само едно во општина Конче, но некои од училиштата од општина Радовиш имаат подрачни училишта и на територијата на општина Конче. Наставата е организирана на македонски и турски наставен јазик, во согласност со потребите на запишаните ученици.

Табела 2: Училишта за основно образование во општините Радовиш и Конче.

| **назив и седиште на училиштето** | **подрачни училишта до V-то одделение** | **подрачни училишта до IX-то одделение** | **наставен јазик** |
|---|---|---|---|
| ОУ „Никола Карев“ Радовиш | – Бучим<br>– Прналија<br>– Раклиш<br>– Тополница | / | македонски и турски |
| ОУ „Крсте Петков Мисирков“ Радовиш | – Калаузлија<br>– Коџалија | / | македонски и турски |
| ОУ „Кирил и Методиј“ Ораовица | / | / | македонски |
| ОУ „Коста Рацин“ Подареш | – Јаргулица | / | македонски |
| ОУ „Орце Николов“ Ињево | – Воиславци<br>– Дамјан<br>– Дедино<br>– Покрајчево<br>– Султурци | – Злеово<br>– Калуѓерица | македонски |
| ОУ „Гоце Делчев“ Конче | – Долни Липовиќ<br>– Горни Липовиќ<br>– Габревци<br>– Ракитец | / | македонски и турски |

Единственото училиште за средно образование, на територијата на општините Радовиш и Конче е средното општинско училиште „Коста Сусинов“ во Радовиш, во кое е организирана настава за гимназиско образование и стручна настава за металуршка струка. Во стручнито образование наставата се изведува само на македонски наставен јазик, а во гимназиското образование покрај на македонски има организирано и настава на турски наставен јазик.

Во Радовиш се наоѓа единствениот Електротехнички факултет во Источна Македонија, кој работи во состав на универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Работата на Факултетот е организирана во три катедри: Катедра за индустриска електроника и автоматика, Катедра за електрични мерења и стандарди и Катедра за индустриски процесни компјутери, а во моментот постои само една додипломска студиска програма - *Системи за автоматско управување*.

Покрај наведените образовни капацитети, во Радовиш работи и една комбинирана предучилишна установа - „Ацо Караманов“. Во состав на оваа предучилишна установа работат три детски градинки во градот (*Детско изворче, Цветови и Ацо Караманов*) две наставни групи во село Воиславци и една наставна група во Ињево.

## ЗДРАВСТВЕНИ КАПАЦИТЕТИ

Ако се анализира состојбата со здравствените капацитети во општините Радовиш и Конче, се доаѓа до заклучок дека тие претставуваат сериозен проблем за најголем дел од населените места. И во овој случај, како здравствен центар и за двете општини се издвојува градот Радовиш, иако и во него постои недостаток на здравствени капацитети, поради што се појавува потреба од користење на алтернативни медицинските центри, за што може да се користат медицинските центри во Штип и во Струмица.

Во Радовиш постои Здравствен дом и поголем број приватни здравствени установи. Во состав на Здравствениот дом работи служба за итна медицинска помош, дијагностичка лабораторија, детска превентивна стоматологија, школска превентивна медицина, рендген, гинеколошко акушерско одделение, вакцинации со патронажна служба, и нервно, интерно, офтамолошко и оториноларинголошко одделение. Покрај тоа, во зградата на Здравствениот дом работат и 17 приватни здравствени установи од различни области. Во состав на приватните здравствени установи работат осум ординации по општа медицина, од кои две работат и во областа на педијатријата, седум стоматолошки ординации, од кои една е специјалистичка ординација по ортодонција и две гинеколошко-акушерски ординации.




Слика 1: Картографски приказ на општините Радовиш и Конче

Надвор од просториите на Здравствениот дом во Радовиш, се регистрирани уште 13 приватни здравствени установи, во чиј состав работат 6 ординации по општа медицина, 4 стоматолошки ординации, 2 гинеколошко-акушерски ординации, 2 лаборатории и по една специјалистичка ординација за интерна медицина и за ортопедија.

Табела 3: Линиска инфраструктура на населените места во општините Радовиш и Конче[*].

| населено место | водоводна мрежа | канализациона мрежа | електрична енергија | фиксна телефонија | асфлтиран пат до населбата |
|---|---|---|---|---|---|
| Али Коч | + | - | + | - | + |
| Бучим | + | - | + | - | - |
| Воиславци | + | - | + | + | + |
| Дамјан | + | - | + | + | + |
| Злеово | + | + | + | + | + |
| Ињево | + | + | + | + | + |
| Јаргулица | + | + | + | + | + |
| Калаузлија | + | - | + | - | + |
| Калуѓерица | + | - | + | + | + |
| Козбунар | - | - | + | - | - |
| Коџалија | + | - | + | - | + |
| Ораовица | + | + | + | + | + |
| Погулево | - | - | + | - | - |
| Подареш | + | + | + | + | + |
| Покрајчево | + | + | + | + | + |
| Прналија | + | - | + | - | - |
| Радовиш | + | + | + | + | + |
| Раклиш | + | + | + | + | + |
| Смиланци | - | - | + | - | - |
| Сулдурци | + | - | + | + | + |
| Супурге | + | - | + | - | - |
| Тополница | + | - | + | + | + |
| Штурово | - | - | + | - | + |
| Габревци | + | - | + | + | + |
| Гарван | - | - | + | - | - |
| Г. Липовиќ | + | - | + | + | + |
| Дедино | + | - | + | + | + |
| Д. Липовиќ | + | + | + | + | + |
| Загорци | - | - | + | - | - |
| Конче | + | + | + | + | + |
| Лубница | + | - | + | + | + |
| Ракитец | + | + | + | + | + |
| Скоруша | - | - | + | - | - |

[*] Раселените населби не се опфатени во овој преглед.

Состојбата со здравствените капацитети во селските населби е алармантна. Фактот дека постојат амбуланти само во селата: Али Коч, Злеово, Ораовица, Подареш, Конче и Ракитец, претставува јасен индикатор на состојбата во овој сектор.

Како дополнителен проблем за населението од селските населби се наметнува снабдувањето со потребните лекови и други фармацевтски производи, затоа што во ниту една селска населба не постои аптека. Во Радовиш работат 9 аптеки, кои имаат склучено договори за работа со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и тие можат да ги задоволат потребите на двете општини.

## КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Проучувајќи ја линиската инфраструктура на населените места на територијата на општините Радовиш и Конче, се доаѓа до заклучок дека комуналната инфраструктура не е на потребното ниво. Проблеми постојат и во водоснабдувањето и во одводната канализациона мрежа. Дел од помалите селски населби, како што може да се забележи и од табеларниот преглед на линиската инфраструктура, се уште не располагаат со водоводна мрежа, а со вода за пиење и за други потреби се снабдуваат од локални чешми и извори.

Останатите населени места немаат проблеми со снабдувањето со вода за пиење, со исклучок на одредени денови во летниот период, кога може да дојде до недостаток на вода, поради што се врши и привремена рестрикција во снабдувањето со вода за пиење.

Канализациската мрежа исто така, не е на потребното ниво, со исклучок на градот Радовиш, каде е изградена и функционира централна канализациската мрежа. Поголемиот дел од останатите населени места, немаат канализациона мрежа и проблемот со отпадните (фекалните) води се решава индивидуално. Сепак, проблеми има и во населените места што имаат изградено канализациска мрежа, каде и покрај изградбата на канализациски мрежи, се уште постојат домаќинства, кои не се приклучени на нив. Покрај населените места во кои веќе е изградена канализациска мрежа, во тек е изградба на канализациски мрежи и во населените места Воиславци и Дедино.

## СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Од табеларниот преглед на линиска инфраструктура на населените места во општините Радовиш и Конче, може да се заклучи дека се уште постојат населени места, пред се помали селски населби, кои не




Слика 2: Картографски приказ на патната сообраќајна мрежа на општините Радовиш и Конче.

се поврзани со асфалтирани патишта. Тоа секако претставува проблем за населението, кое живее во нив и има директно влијание на развојот

и на условите за живот во овие населени места. За останатите населени места, постоечката сообраќајната инфраструктура, генерално ги задоволува потребите, но сепак постојат недостатоци, пред се во поглед на широчината и квалитетот на патиштата.

Најпознат патен правец е магистралниот пат М-6, кој од Штип преку Радовиш и Струмица води до граничниот премин Ново Село на македонско-бугарската граница. Овој патен правец директно ја поврзува општина Радовиш, а индиректно и општина Конче, со Штипскиот и Струмичкиот регион, а се поклопува односно е во врска и со повеќе регионални патни правци, со кои регионот е поврзан со Тиквешкиот регион, преку планината Серта, и со македонско-грчката граница преку Струмица-Валандово-Дојран. Општина Конче е поврзана со магистралниот пат М-6 преку два патни правци. Првиот патен правец, кој до пред неколку години беше и единствениот патен правец е патот Радовиш-Конче. Вториот патен правец води покрај вештачката акумулација Мантово, и се вклучува на магистралниот пат М-6, на раскрсницата каде се двои регионалниот патен правец кој преку планината Серта води до Тиквешкиот регион. Поголемиот дел од овој патен правец е уреден и асфалтиран пред неколку години, но дел сеуште не е асфалтиран.

Во тек е изградба на регионален патен правец Радовиш - с. Подареш - с. Владимирово - Берово, со што општина Радовиш директно ќе се поврзе со општина Берово. Во моментот овој патен правец е прооден само за теренски возила, но се настојува изградбата да заврши во најкраток можен рок, на што работат и двете општини.

## ЗАКЛУЧОК

Ако се анализираат инфраструктурните одлики на населените места во општините Радовиш и Конче, може да се констатира дека постојат изразени разлики и во институционалната и во линиската инфраструктура меѓу населените места. Со најдобри инфраструктурни одлики се карактеризира градот Радовиш, кој се издвојува како административен, стопански, културен, здравствен и образовен центар, не само за општина Радовиш, туку и за општина Конче. Поради тоа, општина Конче е директно зависна од соседната општина Радовиш, односно од административниот центар на општината, иако официјално опстојува и функционира како посебна административно-територијална единица.

ЛИТЕРАТУРА

Државен завод за статистика на Република Македонија (2004): Попис 2002 – Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта – Дефинитивни податоци по населени места - Книга X, Скопје.

Државен завод за статистика на Република Македонија (2004): Попис 2002 – Вкупно население по пол и возраст – Дефинитивни податоци по населени места - Книга XI, Скопје.

Единици на локалната самоуправа на Радовиш и Конче (2007): Профил на микрорегионот Радовиш и Конче, Радовиш.

Единици на локалната самоуправа на Радовиш, Конче и Подареш (2002): Стопански развој на општините Радовиш, Конче и Подареш, Радовиш.

Поповски В. и Панов М. (1996): Општините во Република Македонија, Скопје.

Собрание на општина Радовиш (1984): Радовиш и Радовишко, Радовиш.

Стојмилов А. (2005): Социоекономска географија на Република Македонија, Скопје.

## INFRASTRUCTURAL FEATURES OF THE SETTLEMENTS IN MUNICIPALITIES OF RADOVISH AND KONCHE

Zorancho ATANASOV

SUMMARY

Analyzing the infrastructural features of settlements in municipalities of Radovish and Konche, identify specific differences not only in the institutional, but also in the linear infrastructure among the settlements. At first place, city of Radovish, as administrative, economic, cultural, health and educational center, has the best infrastructural features not only for municipality of Radovish, but also for municipality of Konche. As a result, municipality of Konche is completely dependent on its neighbor municipality. It is highly reliant on its administrative center, besides the fact that it exists as a separated administrative and territorial unit in the state organization.